УДК: 37.01(497.711+497.751)"1861/1912"(093.2)

Армен Жарноски
Институт за национална историја, Скопје
armenzarnoski@yahoo.com

# ОБРАЗОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО СКОПСКИОТ САНЏАК И ТЕТОВСКАТА КАЗА СПОРЕД ОСМАНЛИСКИТЕ АРХИВСКИ ДОКУМЕНТИ (1861-1912 ГОДИНА)

*Апстракт.* – Предмет на оваа статија се образовните состојби во Скопскиот санџак и Тетовската каза во XIX и почетокот на XX век, истражени врз основа на османлиските архивски документи. Основните информации во оваа статија се добиени со анализа на Годишниците на Министерството за образование на Османлиската Империја (*Salname-i Nezaret-i Maarif-i Umumi*) од 1898 и 1903 година, султански укази (*irade*) издадени од генералниот секретаријат на Султанот (*Başkitabet*), како и документи (решенија за вработување, плата и барања) произлезени од образовната управа на Косовскиот вилает и Министерството за образование на Османлиската Империја (*Maarif Nezareti*). Преку анализа на споменатите документи, во оваа статија се изложени основни информации во врска со состојбите во основното образование (образовните програми и бројот на муслиманските училишта, како и изградбата и реновирањето на христијанските училишта). Исто така, изложени се информации во врска со средното образование (бројот и наставните програми на првостепените и напредните гимназии), како и медресите и библиотеките во наведениот период.

*Клучни зборови.* – Скопски санџак, Тетовска каза, образовни состојби, Османлиска Империја, XIX и почеток на XX век.

Со процесот на танзиматот кој започнал во 1839 година, во Османлиската Империја биле предвидени реформи со кои државниот систем требало да се усогласи со системите на западните земји, т.е. да се модернизира. Овие реформи, освен што ги зафатиле административното и военото уредување, донеле модерен дух и во културната и интелек-

туална сфера на османлиското општество. Следствено на ова, и образовниот систем во споменатиот период бил предмет на реформи со кои истиот во извесна мера добил граѓанска карактеристика, со тоа што од споменатиот период со наставните програми за средното и високото образование било предвидено настава да слушаат и муслимански и не-муслимански ученици заедно. Како што ќе видиме од текстот, спроведувањето на овие реформи имало одраз и во општествено-политичките и образовните состојби на територијата на османлиска Македонија, од аспект на отворањето на повеќе христијански и еврејски средни училишта, модернизација на наставните програми и отворањето на споменатата можност не-муслиманите да се вклучат во средното и високото државно образование.

После територијалната реорганизација во Османлиската Империја од 1873 година, географската територија на Македонија била поделена на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает. Северниот дел од Македонија во најголем дел потпаѓал под административна управа на Скопскиот санџак, кој бил дел од Косовскиот вилает. Единствени два града кои не биле под административна управа на Скопскиот санџак биле Тетово и Гостивар, кои припаѓале под Призренскиот санџак. Косовскиот вилает после Руско-турската војна од 1877-1888 година, освен Скопскиот, ги опфаќал и санџаците Приштина, Нови Пазар и Дебар. Во следниот период од Косовскиот вилает се одвоил Дебарскиот санџак (кој се префрлил во Битолскиот вилает), и се оформил новиот Призренски санџак. Според Годишникот на Османлиската империја (*Salname-i Devlet-i Aliyye*) од 1882/83 година, во склоп на Скопскиот санџак спаѓале казите Скопје и нахијата Качаник, казата Штип, казата Куманово, казата Радовиш, казата Паланка, казата Кочани со нахиите Малеш и Пијанец, и казата Кратово. Во 1888 година седиштето на Косовскиот вилает од Приштина е пренесен во Скопје, со што овој вилает е наречен Скопски вилает. Според Годишникот на Османлиската империја од 1896/97 година, во Скопскиот санџак на местото на нахиите Малеш, Пијанец и Качаник се оформиле две нови кази – казата Османије со седиште во Пехчево, и казата Орханије со седиште во Качаник. Од 1903 година, во склоп на Скопскиот санџак се формирала и казата Велес (Ќопрулу). Според Годишниците на Османлиската Империја од 1897 и од 1903 година, казата Тетово со нахијата Гостивар биле дел од Призренскиот санџак, во кој освен споменатата каза и нахија, припаѓале казите Призрен, Раховец и Љума.[1]

---

[1] Ѓоргиев 2010, 170-171; *Salname-i Devlet-i Aliyye* 1903, 780.

Во македонската историографија досега се публикувани неколку статии кои укажуваат на образовните состојби во северниот и западниот дел од географската територија на Македонија во периодот од XIX и почетокот на XX век.[2] Во оваа статија ќе бидат анализирани архивски државни документи од Османлиската Империја произлезени од султанскиот генерален секретаријат (*başkitabet*), т.е. султански укази со кои се одобрува буџет за изградба или реновирање на напредните (*идади*) гимназии, и султански укази со кои се дозволува изградба или реновирање на христијански училишта. Исто така, ќе бидат анализирани и архивски документи од Министерството за образование (*Maarif Nezareti*), т.е. решенија со кои се организира наставата во првостепените и второстепените гимназии. Освен ова, ќе бидат анализирани и списоците од Годишниците на споменатото Министерство (*Salname-i nezaret-i maarif-i umumi*) од 1898 и 1903, во кои се впишани сите основни училишта, првостепени (*рушдије*) и второстепени/напредни (*идади*) гимназии, наставната програма и бројот на ученици во гимназиите во Скопскиот санџак и Тетовската каза. Анализирајќи ги Годишниците на Министерството за образование, ќе се наведат и основни податоци за медресите и библиотеките во Скопскиот санџак и Тетовската каза. Со ова ќе се добијат дополнителни информации за образовните состојби во споменатиот санџак и каза во периодот од втората половина на XIX и почетокот на XX век.

## 1. ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА (*MEKATİB-İ SIBYAN*) ВО СКОПСКИОТ САНЏАК И ТЕТОВСКАТА КАЗА

Со новата наставна програма од 1869 година се предвидувало да се воспостават основни училишта во сите населени места во Империја-

[2] Од овој аспект значајна е монографијата од С. С. Чуповска, во која поопширно се истакнати образовните состојби во Македонија во XIX, и истакнати се отворањето на основните и средни училишта, како и дејноста на пропагандите во Македонија од аспект на образовната дејност (Чуповска 2009). Понатаму, значаен е научниот труд на Д. Ѓоргиев (Gjorgiev 2018) во кој врз основа на Годишникот на Косовскиот вилает од 1900/1901 година истакнати се образовните состојби, т.е. бројот на основните училишта, како и образовните програми и бројот на учениците во првостепените и второстепените гимназии во Скопје во споменатата година. Н. Минов ги истакнува основните состојби со гимназиското образование во Македонија во XIX и почетокот на XX век, при што во однос на Скопје поопширно е изложена наставната активност на српската машка гимназија во Скопје врз основа на српски извори (Минов 2017).

та.[3] Во согласност со теократската природа на Османлиската држава и фактот дека многу често – особено во муслиманските основни училишта, наставата била одржувана од страна на верски службеници, основните школи најчесто биле сместени во објекти изградени до џамиите или црквите. Наставата во основните училишта познати како *mekatib-i sıbyan* или после образовните реформи од 1847 година како *mekatib-i iptida*, била четиригодишна и децата започнувале да ја посетуваат наставата од 7-годишна возраст. До образовните реформи од 1847 година во муслиманските основни училишта се предавале предметите азбука (*elifba*), правилно читање на Кур'ан (*tecvid*), основна веронаука (*ilm-i hal*) и математика (*hesap*). После споменатите реформи се додале предметите турски, османлиска историја, основи на учењето, географија, правопис и геометрија. Меѓутоа, поради недоволноста од стручен кадар кој би можел да ги предава предметите додадени со образовните реформи, голем дел од основните муслимански училишта продолжиле да следат настава со старите предмети, т.е. по старата наставна програма.[4] Поради тоа, за време на владеењето на Абдулхамид II, основните училишта се поделиле на две групи: основни училишта кои продолжиле по старата програма и се нарекувале *mekatib-i sıbyan,* и основни училишта кои одржувале настава по новата програма, т.е. со новововедените предмети, и биле наречени *mekatib-i iptida.*[5] Во однос на финансирањето на самите училишта, постоеле три вида на основни училишта: училишта финансирани од страна на Министерството за образование, училишта финансирани од самите ученици (*hususi iptida*) и училишта финансирани од вакуфи.[6]

Според Годишникот на Министерството за образование на Османлиската Империја од 1898 година, на територијата на Скопскиот сан-

---

[3] Gjorgiev 2018, 36. Поради фактот што муслиманските училишта биле под директна надлежност на Министерството за образование и со тоа нивната изградба и финансирање било директно помагано од државата, овој план во однос на муслиманските основни училишта бил остварлив. За разлика од муслиманските, христијанските основни училишта биле финансирани од страна на Патријаршијата или Егзархијата, или пак од доброволни донации на добротвори. Сепак, и покрај ова, како што ќе видиме во делот за христијанските основни училишта, состојбата со христијанското основно образование била слична како и состојбата на муслиманското основно образование, т.е. основни христијански училишта биле воспоставени и функционирале во скоро сите населени места.

[4] Gelişli 2002, 3-7.

[5] Kodaman 1988, 62; Gjorgiev 2018, 37; Сидоровска-Чуповска 2009, 185.

[6] Reşit Unat 1964, 39.

џак и Тетовската каза имало вкупно 98 муслимански основни училишта во кои се одржувала настава по новиот образовен програм (6 основни училишта во Скопје, 61 основно училиште во Штип, 10 основни училишта во Кочани, 7 основни училишта во казата Османије, по 3 основни училишта во Куманово и Радовиш, по 2 основни училишта во Кратово и Тетово, и едно основно училиште во Гостивар).[7]

Во однос на проучувањето на состојбата со христијанските основни училишта во XIX и почетокот на XX век, значајни се султанските укази (*irade*) со кои се дозволувало изградба или реновирање на не-муслимански основни училишта. Во овие документи освен информацијата за припадноста на училиштата (патријаршиска или егзархиска), наоѓаме податоци за локацијата на која училиштето било изградено, неговите димензии, средствата кои биле потрошени за изградба или реновирање, како и бројот на припадници на верската заедница (патријаршиска или егзархиска) во населеното место во кое се наоѓало училиштето. Процедурата за доделување на султански указ била следна – најпрво месното население со посредство на црковните организации (Патријаршијата или Егзархијата) испраќало молба до локалната вилаетска власт, која понатаму била испраќана до централната власт (Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда и верски заедници, Државниот совет и бирото на Великиот везир). Откога предметот ќе ги поминел сите овие инстанци, доаѓал до Султанскиот секретаријат (*başkitabet*) каде добивал конечно одобрување од страна на Султанот. Оваа процедура траела неколку месеци, и во најголем број случаи, доколку немало некаква имотно-правна пречка или безбедносен ризик, султанските укази биле издавани. Според султанските укази за изградба или реновирање на христијански основни училишта во Скопскиот санџак од 1861 до 1909 година, дознаваме дека училиштата во Скопје и Куманово биле под јурисдикција на Патријаршијата, додека училиштата во Штип, Радовиш и Малеш биле под јурисдикција на Егзархијата.

На 27 август 1861 година издаден е султански указ за изградба на христијанското основно училиште во Скопје. Во дописот од страна на Великиот везир, кој во врска со овој предмет претходно е испратен до генералниот секретаријат на Султанот, се истакнува дека, според молбата дојдена од Патријаршијата, постојното христијанско училиште во Скопје е мало и во него не може да се соберат сите ученици, и затоа се бара доз-

[7] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1898, 1139-1144.

вола за изградба на уште еден училишен објект.[8] Од овој документ откриваме еден значаен аспект во врска со припадноста на споменатото училиште. Имено, иако во најголем дел од султанските укази основните училишта во Македонија во периодот од XIX и првата деценија од XX век се именувани како ромејски (патријаршиски), бугарски (егзархиски), или српски, именувањето на ова училиште како христијанско укажува на тоа дека припадниците на споменатата христијанска заедница во Скопје не сакале да се декларираат како Ромејци, Бугари или Срби, што е и логично имајќи го предвид фактот дека се работи за македонско христијанско население.

На 19 ноември 1875 година издаден е султански указ со кој се дозволува повторна изградба на основното училиште, кое се наоѓало во дворот на седиштето од Патријаршиската митрополија во Скопје.[9] На 20 март 1890 година, со султански указ, била дозволена изградба на основно училиште во дворот на егзархиската црква во населбата Јеген-паша во Штип. Како што се истакнува во документот, средствата за изградба на училиштето биле обезбедени од црковниот фонд и од донации на населението.[10] На 29 мај 1895 бил издаден султански указ со кој се дозволува изградба на егзархиско основно училиште во радовишкото село Подареш. Од документот дознаваме дека планираното училиште за кое била издадена дозвола за градба би се изградило на приватно земјиште и би опфаќало димензии од 24 *зири* должина, 7 *зири* широчина и 7,5 *зири* височина. Во документот е наведено дека егзархиската заедница во споменатото село броела 70 куќи, т.е. 250 жители.[11] Султански указ со кој се дозволува изградба на егзархиско училиште во штипското село Занбиште[12] бил издаден на 24 април 1897 година. Според овој документ дознаваме дека планираното училиште во споменатото село требало да се догради до самата селска црква, и за изградба на истото биле обезбедени 3.450 гуруши. Димензиите на просторијата која требало да се догради во склоп на црквата биле 5 метри должина и три метри широчина. Причината за малите димензии на оваа училишна просторија е малиот број на жители на споменатото село. Имено, во самиот документ се истакнува дека во ова село егзархиската заедница броела 20 куќи, или вкупно 80 жители.[13]

[8] BOA. İ. HR. 00192_010818_003_001
[9] BOA. İ. HR. 00269_016166_005_001
[10] BOA. İ. DH_01173_091066_007_001
[11] BOA. İ. AZN_00014_00027_004_001
[12] Можеби се работи за кавадаречкото село Данбиште.
[13] BOA. İ. AZN. 00025_00032_004_001

Во центарот на казата Малеш – Пехчево постоело егзархиско училиште за кое на 1 јуни 1897 година била издадена дозвола за реновирање и доградба на еден спрат. Во султанскиот указ се истакнува дека ова барање на месното население било испратено поради руинираноста на стариот објект и неможноста да се примат сите ученици поради ограниченоста на просторот. Како што се истакнува со документот, според новиот план реновираното училиште требало да има височина од десет метри. Средствата за реновирањето и доградбата биле обезбедени од месното население, т.е. припадниците на егзархиската заедница, која броела 281 жители.[14] На 27 март 1906 година бил издаден султански указ со кој се одобрува изградба на второ патријаршиско основно училиште во Скопје. Според документот, во барањето испратено од Патријаршијата било истакнато дека планираното училиште требало да се изгради во скопската населба Салахудин, на државно земјиште кое било дадено на долгорочна концесија на извесен Галуб од Гостивар. Во султанскиот указ се истакнува дека планираното училиште требало да опфати димензии од 38 метра должина, 14 метри широчина и 8 метри височина.[15] Во штипското село Темјанци (можеби Тимјаник–Неготино или Таринци–Штип), постоело егзархиско училиште кое било руинирано, и затоа од страна на месните жители е барана повторна изградба на истото. Султански указ со кој се дозволува повторна изградба на споменатото училиште е издаден на 11 јули 1906 година. Од овој документ дознаваме дека новото училиште требало да опфати димензии од 15 метри должина, 12 метри широчина и 5,5 метри височина. Според планот, истото требало да има два спрата и вкупно 25 прозорци, и требало да биде изградено од камен. Потребните 23.100 гуруши за повторна изградба на училиштето биле обезбедени од буџетот на селската црква. Од документот дознаваме дека егзархиската заедница во селото броела 160 куќи, или вкупно 650 жители.[16] Во кумановската населба Варош била планирана изградба на патријаршиско основно училиште. Според султанскиот указ издаден на 15 јули 1909 година – со кој се дозволува изградбата на споменатото планирано училиште, дознаваме дека истото требало да се изгради во дворот од црквата која била изградена со официјална дозвола за изградба. Планираното училиште би опфаќало димензии од 20 метри должина, 15 метри широчина и 10 метри височина, требало да содржи 16 врати и 50 прозорци, и

---

[14] BOA. İ. AZN. 00026_00004_005_001

[15] BOA. İ. AZN. 00065_00044_005_001

[16] BOA. İ. AZN. 00067_00042_004_001

би се изградило од камен. Наставата би ја посетувале и машки и женски ученици, и истата би се одржувала на турски и на српски јазик.[17]

## 2. ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ: ПРВОСТЕПЕНИТЕ ГИМНАЗИИ (*РУШДИИ*) И НАПРЕДНИТЕ ГИМНАЗИИ (*ИДАДИИ*)

Идејата за воспоставувањето на модернизирани граѓански средни училишта (гимназии) во Османлиската Империја произлегла во периодот на владеењето на Махмуд II, т.е. периодот на танзиматските реформи, во кој, како што е истакнато во воведот, започнал процес на европеизација и модернизација во сите сфери на државата и општеството. Гимназиите кои се основале со танзиматските реформи се делеле на два степени: првиот степен биле четиригодишните (првостепени) гимназии наречени *рушдии* (*mekatib-i rüşdiye*), а вториот степен биле второстепените или напредни гимназии наречени *идадии* (*mekatib-i idadiye*), во кои образованието траело од три до пет години. Образованието во овие институции било достапно за сите граѓани на Империјата – и муслимани и немуслимани, со што државата се стремела да создаде интелектуален слој на османлиски државјани одгоен во духот на модерното граѓанство. Во овој период, главно во Истанбул и поретко во вилаетските центри, започнале со образовна дејност и женски првостепени гимназии (*рушдии*), со што и на ученичките им било овозможено учество во наставата на средните училишта. Учениците кои дипломирале на првостепените и второстепените гимназии можеле да се вработат во администрацијата или државните институции. Дипломираните ученици од второстепените гимназии (*идадии*), освен што биле вработувани во администрацијата и во воените структури, можеле да се запишат и на Универзитет.

Првите *рушдије* гимназии во Османлиската Империја започнале со образовна дејност во 1845 година. Поради дефицитот на дипломиран наставен кадар, не било возможно да се отворат *рушдии* во сите поголеми населени места. Поради ова, со подоцнежните измени во законот за образование се дозволило како наставници во *рушдије* гимназиите да се вработат и оние лица кои немале универзитетска диплома, меѓутоа положиле испит пред образовна комисија. Со тоа, до 1910 година, во Империјата биле отворени 463 *рушдије* гимназии. Во *рушдије* гимназиите настава се слушала 4 години и се изучувале предметите веронаука, правопис

---

[17] BOA. İ. MF. 00016_00008_005_001

и правоговор на османлискиот јазик, правопис и правоговор на арапскиот и персискиот јазик, основи на геометријата, водење на дефтер (сметководство), општа историја, османлиска историја, географија, гимнастика, локален јазик и француски јазик.[18]

Според Годишникот на Министерството за образование на Османлиската Империја од 1898 година, на територијата на Скопскиот санџак и Тетовската каза, освен во Скопје, првостепени гимназии (*рушдии*) имало во Штип (со вкупно 65 ученици), Радовиш (40 ученици), Паланка (40 ученици), Куманово (94 ученици), Кочани (28 ученици), Кратово (49 ученици), Тетово (55 ученици) и Гостивар (45 ученици). Во Скопје постоеле две рушдии – една женска (со вкупно 140 ученички) и една воена (со вкупно 169 ученици). До 1903 година на територијата на скопскиот санџак биле воспоставени уште две *рушдије* гимназии – гимназијата во Велес и гимназијата во казата Османије.[19] Во скопската воена *рушдија* се изучувале предметите математика, јазици, географија, сликарство, право, правопис и правоговор.[20] Во врска со платите на наставниците од *рушдије* гимназиите, информација добиваме од еден султански указ од 10 август 1864 година, со кој заедно со еден наставник од *рушдије* гимназијата во Бешикташ (Истанбул), му се доделува плата и на наставникот од *рушдије* гимназијата во Скопје – Али-ефенди. Од документот дознаваме дека споменатиот Али-ефенди од работното место втор наставник бил назначен за работното место прв наставник во скопската *рушдија*, и со тоа платата му се зголемила на 400 гуруши.[21] Освен *рушдии* и *идадии*, во Скопје постоело и занаетчиско средно училиште наречено *Хамидије*, во кое освен стандардните предмети кои се изучувале во првостепените и напредните гимназии (сметководство, географија, историја, природни науки, калиграфија, веронаука, турски јазик, сликарство, математика), се изучувале и предметите столарство, кроење и чевларство. Во учебната 1903 година во скопската занаетчиска гимназија настава следеле 80 ученици. [22]

Од немуслиманските средни училишта на степен на првостепени гимнзаии (*рушдии*), во Годишникот на Министерството за образование од 1898 година се наведени едно патријаршиско, едно егзархиско,

[18] Öztürk 2023, 301-303; Ѓоргиев 2019, 29.

[19] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1898, 1136-1140; *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1903, 629.

[20] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1898, 1141.

[21] BOA. İ. MVL. 00530_023785_023785_005_001

[22] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1903, 634.

едно српско[23] и едно еврејско средно училиште во Скопје, како и по едно егзархиско средно училиште во Кочани, Паланка, Штип,[24] Куманово, Кратово и Тетово. До 1903 година во Штип се основале уште едно егзархиско и едно еврејско средно училиште. Истата година, за разлика од 1898 година кога е запишано како егзархиско, средното училиште во Тетово е запишано како православно (ортодоксно), што укажува на тоа дена најверојатно во овој период споменатото училиште ги прекинало врските со Егзархијата.[25]

Според степенувањето во османлискиот образовен систем од XIX и почетокот од XX век, над *рушдије* гимназијата доаѓа второстепената – напредна или висока гимназија наречена *идадије*. *Идади* гимназиите се делеле на воени (*askeri*) и цивилни или граѓански (*mülki*). Образованието во воените *идади* гимназии траело пет години, додека во цивилните *идади* гимназии траело три години. Наставата во *идадиите* била одржувана од страна на наставни кадри дипломирани на Високиот Универзитет за педагогија (*Darü-l mtuallimin-i aliyye*) во Истанбул. Според законот за образование било предвидено во секое населено место со над 1000 куќи да се основа една *идади* гимназија. Во 1888 година периодот на образование во цивилните *идадии* се зголемил на 4 години, и се отвориле *идадии* во сите центри на вилаетите, но поретко и во поголемите градови од вилаетите. Учениците дипломирани на цивилните *идадии* можеле да го продолжат образованието или на цивилен, или на воен универзитет.[26]

Скопската идадија до 1897 година била сместена во мал и застарен објект кој не бил доволен да ги прими сите ученици, и од споменатата година се одвоиле средства за изградба на нова училишна зграда. За ова говори султанскиот указ од 6 декември 1896, во кој се одобруваат

---

[23] Српската машка гимназија цо Скопје се воспоставила во 1894 година и функционирала до крајот на османлиското владеење во Македонија, т.е. 1912 година. На почетокот гимназијата била сместена во приватни куќи. Во 1904 година бил изграден училиштен објект во близина на Камениот мост, од десната страна на Вардар, во кој се сместила споменатата гимназија. Целта на основањето на гимназијата била да создаде наставен кадар за основните училишта низ Османлиската Империја во кои наставата се одржувала на српски јазик. Гимназијата целосно била финансирана од страна на српското Министерство за надворешни работи (Минов 2017, 306-307).

[24] Како сите средни училишта во Империјата, така и егзархиското средно училиште во Штип создавало наставен кадар кој се вработувал во егзархиските основни училишта. Истото било основано во 1869 година (Сидоровска-Чуповска 2009, 55).

[25] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1898, 1146; *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1903, 626.

[26] Öztürk, İdadi, 464-466; Ѓоргиев 2019, 29.

754.000 гуруши за изградба на нов објект во кој ќе се смести скопската *идадија*.[27] Во Годишниците на Министерството за образование од Османлиската Империја (*Salname-i Nezaret-i Maarif-i Umumi*) попишани се сите вработени во второстепените гимназии (*идадии*), со што добиваме информација кои предмети во споменатите образовни институции се изучувале. Според списоците од Годишникот на Министерството за образование од 1898 година, во скопската *идадија* биле вработени наставници по предметите државен систем и право, географија, историја, литература, сметководство, математика, алгебра и геометрија, космографија, хемија, градежништво, правопис, машинство, веронаука, сликарство, турски јазик, арапски јазик, персиски јазик, француски јазик и бугарски јазик.[28] Освен професорите кои ги предавале овие предмети, во гимназијата биле вработени и административни работници, лекар и свештено лице (*имам*). Во скопската *идади* гимназија во 1898 година настава посетувале вкупно 120 ученици (110 муслимани и 10 немуслимани).[29] Во 1903 година, вкупниот број на ученици во скопската *идади* гимназија се зголемил на 222 (205 муслимани и 17 не-муслимани).[30] Освен *идади* гимназијата, во Скопје во периодот до 1903 година била воспоставена и Педагошка школа (*Darü-l müallimin*), што се гледа од Годишникот на Министерството за образование од 1903 година.[31] Дипломираните кадри од Пегадошката школа понатаму биле вработувани во основните училишта кои држеле настава по модернизираната програма (*mekatib-i iptida*). Во врска со Педагошката школа во Скопје, интересен е докумен-

[27] İ. MF. 00004_00024_002_001

[28] Според организираноста на образовниот систем на Османлиската Империја во периодот од втората половина од XIX и почетокот од XX век, единствени локални јазици кои биле вметнати во наставните програми на основните и средните училишта во Македонија биле бугарскиот, српскиот, грчкиот и романскиот јазик. Ова се должи на политичката состојба во наведениот период, кога после стекнувањето на независност на Србија и Бугарија, македонското христијанското население останало неидентификувано во државниот систем и останало поделено во пропагандите на црковните организации и балканските држави. Секако, после отцепувањето на Србија и Бугарија од Империјата, за османлиската власт било неприфатливо давањето право на самоидентификација на нов национален ентитет кој, следејќи го примерот на Бугарија и Србија, во иднина би можел да покаже аспирации за автономија. Од овој аспект, иако неуспешна, интересна е иницијативата покрената во 1910 година од Крсте Петков-Мисирков, Петар Поп-Арсов и Теодосиј Гологанов за основање Висока школа во Скопје на македонски јазик (Ristovski 2018, 67–87).

[29] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1898, 1134-1135.

[30] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1903, 627-628.

[31] Ibid, 629.

тот од 26 јули 1912 година, во кој образовниот управител на Косовскиот вилает до Министерството за образование испраќа барање за основање посебно одделение за новозапишаните ученици Албанци и Бошњаци во споменатата Педагошка школа. Во барањето се истакнува дека новозапишаните ученици Албанци и Бошњаци имаат проблеми со совладувањето на наставната програма поради недоволното познавање на османлискиот јазик, и затоа со основањето на посебно (прво) одделение во кое ќе се обрати поголемо внимание на изучувањето на османлискиот јазик овој проблем ќе се надмине.[32]

Освен споменатите гимназии, во Скопје кон крајот на османлиското владеење се воспоставиле гимназија со француски наставен програм (*mekteb-i sultani*)[33] и приватна гимназија (*mekteb-i burhan-i terakki*). Со султански указ од 16 јуни 1911 година се одлучува управникот за електрика Сабри-ефенди, унгарецот господин Фредерик и учителот по музика во скопската српска гимназија – господин Горман (Горан) да се наградат со по една занаетчиска медалја поради нивната успешна работа во осветлувањето на гимназијата со француски наставен програм во Скопје.[34] За постоењето на приватна гимназија во Скопје говори дописот од Министерството за образование до Косовскиот вилает, во кој се известува дека учителот во скопската приватна гимназија – Абдуррахим-ефенди, е ставен на список за исплата на редовен данок на плата.[35]

## 3. МЕДРЕСИТЕ И БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СКОПСКИОТ САНЏАК И ТЕТОВСКАТА КАЗА

Во образовниот систем на Османлиската Империја голема улога имале медресите, кои претставувале муслимански религиозни образовни институции на ниво на гимназии, во кои се образувале религиозни

---

[32] BOA. MF. İBT. 00386_000076_002_001

[33] Првата гимназија со француски наставен програм е основана во 1868 година со указ на Султанот Абдулазиз. Споменатата гимназија се наоѓала во истанбулската населба Галатасарај и популарно била наречена галатасарајска гимназија. Идејата за воспоставување на гимназија со француски наставен програм била произлезена од модернизацијата на образовниот систем која во Османлиската Империја започнала после танзиматските реформи (Boyacıoğlu, 378). Од наведениот документ дознаваме дека при крајот на Османлиското владеење во Македонија, гимназија со француски наставен програм била воспоставена и во Скопје.

[34] BOA. İ. TAL. 00509_00048_001_001

[35] BOA. MF. İBT. 00362_000004_002_002

кадри (*имами* и *хатиби*). Медресите најчесто биле градени во склоп на големите вакуфски комплекси (џамија, имарет, медресе и завије), и според тоа името на медресите најчесто соодветствувало со името на вакуфскиот комплекс чиј дел биле истите. Според Годишникот на Министерството за образование на Османлиската Империја од 1903 година, во Скопскиот санџак заедно со казата Тетово и нахијата Гостивар (кои припаѓале на Призренскиот санџак) имало вкупно 24 медреси, и тоа: 8 медреси во Скопје, 4 медреси во Велес, по 2 медреси во Штип, Радовиш, Тетово и Гостивар, и по една медреса во Кратово, Кочани, Паланка и Куманово. Во Скопје постоеле медресите: Иса-бег – во кое настава слушале вкупно 49 ученици, Исхакије со 25 ученици, Коџа-медресе со 18 ученици, Мустафа-паша со 14 ученици, медресето Мурадије со 21 ученик, и Медах медресето со 18 ученици. Во Велес постоеле медресите: Холилер со вкупно 25 ученици, Ќопрубаши со 25 ученици, медресето Али-бег со 30 ученици и џамиското медресе со 7 ученици. Во медресето Нова џамија во Гостивар настава слушале 74, додека во медресето Саат-махале во истиот град настава слушале 110 ученици. Во тетовската саат-медреса настава посетувале 72, додека во Ќопру-медресата во истиот град настава посетувале 71 ученик. Во Штип се регистрирани две медреси: Синан-бег и Долно теќе. Во медресето Синан-бег имало вкупно 25 ученици, додека медресето Долно теќе било неактивно. Од двете медреси во Радовиш (Голема џамија и Нова џамија) активно било само медресето Голема џамија, и во истото настава посетувале 19 ученици. Во медресето Мустафа-бег во Кратово настава посетувале 21 ученик. Медресето Бајрам-паша во Паланка имало 10 ученици, медресето Уста во Кочани имало 14, и медресето Мехмед-бег во Куманово имало вкупно 46 ученици.[36]

Освен основните, средните училишта и гимназиите, во Годишникот на Министерството за образование на Османлиската Империја од 1898 се наведени и библиотеките во Скопскиот санџак и Тетовската каза. Така, според списокот на Годишникот, библиотеки на територијата на Скопскиот санџак имало во Радовиш (библиотеката во населбата Голема џамија), Кратово (библиотеката наречена Ахмед-ефенди), Паланка (библиотека во населбата Бајрам-паша), Кочани (библиотеката наречена Ебубекир-ефенди), и Тетово (библиотеката наречена Чаршиска џамија).[37]

---

[36] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1903, 635-636.

[37] *Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi* 1898, 1143.

*

Во оваа статија, врз основа на османлиските архивски документи, беа изложени нови податоци во врска со образовните состојби со Скопскиот санџак и Тетовската каза во втората половина од XIX и почетокот од XX век. Укажано е на образовните програми и бројот на муслиманските основни училишта, како и султанските укази со кои се дозволува изградба или реновирање на христијанските основни училишта. Во однос на средното образование, истакнати се основните податоци за бројот на првостепените (*рушдије*), второстепените (*идади*), егзархиските, патријаршиските и еврејските гимназии. Во однос на државните гимназии (рущдии и идадии) истакнати се наставните програми и бројот на ученици. Во однос на христијанските основни и средни училишта, укажано е на нивната припадност кон Егзархијата или Патријаршијата, со што заклучивме дека во источниот дел од Скопскиот санџак скоро целосно била застапена Егзархијата, додека во самиот центар (градот Скопје), како и Тетовската каза со нахијата Гостивар преовладувале Патријаршијата и српската пропаганда. На крајот, истакнат е и списокот на медреси (со бројот на ученици) како и списокот на библиотеки на територијата на Скопскиот санџак и Тетовската каза.



Прилог 1. Султански указ за доделување средства за изградба на нов училиштен објект за скопската *идадија* од 1896 година




Прилог 2. Барање за воспоставување на посебно одделение за учениците Албанци и Бошњаци во скопската Педагошка школа од 1912 година




Прилог 3. Султански указ – дозвола за изградба на патријаршиско основно училиште во Куманово од 1909 година

# БИБЛИОГРАФИЈА

## АРХИВСКИ ФОНДОВИ

BOA. İ. AZN (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri İrade Sadaret Kalemi; Османлиски архив на Р. Турција – документи од канцеларијата на Великиот везир при Фондот султански укази)

BOA. İ. DH (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri İrade Dahiliye Kalemi; Османлиски архив на Р. Турција – документи за внатрешни работи при Фондот султански укази)

BOA. İ. HR (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri İrade Hariciye Kalemi; Османлиски архив на Р. Турција – документи за надворешни работи при Фондот султански укази)

BOA. İ. MF (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri İrade Maarif Kalemi; Османлиски архив на Р. Турција – документи за образование при Фондот султански укази)

BOA. İ. MVL (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri İrade Meclisi Vala Kalemi; Османлиски архив на Р. Турција – документи од Врховниот суд при Фондот султански укази)

BOA. İ. TAL (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri İrade Taltifat Evrakı; Османлиски архив на Р. Турција – документи за доделување медалји при Фондот султански укази)

BOA. MF. İBT (Başbakanlık Osmanlı Arşivleri Maarif Tedrisat-ı İbtidaiye Kalemi; Османлиска архив на Р. Турција – документи за основно образование при фондот на Министерството за образование)

## ЛИТЕРАТУРА

Boyacıoğlu, F., “Contribution of Imperial Galatasaray High School/Mekteb-i Sultani (1868-1923) to Turkish-French Relations“. In Uyanik, N. et al. (eds.), *The International Conference on the Changing World and Social Research I (ICWSR’2015 - Vienna). Proceedings Book of International Conference on the Changing World and Social Research 1*, Palet, Konya, 2015, pp. 378-384.

Gelişli, Y., “Osmanlı İlköğretim Kurumlarından Sıbyan Mektepleri (Kuruluşu, Gelişimi ve Dönüşümü)”, *Türkler Ansiklopedisi* 15 (2002), pp. 35-64.

Ѓоргиев, Д. “Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во втората половина на XIX век”, *Прилози=Contributions* 41/1-2 (2010), pp. 163-184.

Ġorgiev, D. “Secular versus Religious: the Education of Muslims in Skopje in the End of the 19th Century”, In Ristovska-Josifovska, B. and Ġorgiev, D. (eds.), *The Beginnings of Macedonian Academic Research and Institution Building (19th – Early 20th Century)*, Institute of National History, Skopje, 2018, pp. 35-47.

Ѓоргиев, Д., *Танзиматот и немуслиманите во Македонија*. ИНИ-МАНУ, Скопје, 2019.

Kodaman, B., *Abdülhamid Devri Eğitim Sistemi*. Türk Tarih Kurumu, Ankara, 1988.

Минов, Н., “Гимназиите во османлиска Македонија”, In Ѓорѓиев, В. et al (eds.), *70 години Институт за историја. 70 години македонска историографија. Зборник на трудови од научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје*, УКИМ-ФЗФ, Скопје, 2017, pp. 305-345.

Ristovski, B., "Attempts to Establish a Macedonian School with a Boarding House in the Žitoše Monastery and an Academy for Teachers in Skopje", In Ristovska-Josifovska, B. and Ġorgiev, D. (eds.), *The Beginnings of Macedonian Academic Research and Institution Building (19th – Early 20th Century)*, Institute of National History, Skopje, 2018, pp. 67-87.

*Salname-i Devlet-i Aliyye 1321* (*Годипник на Османлиската држава од 1903 година*). Matbaa-i amire, İstanbul, 1903.

*Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi 1316* (*Годишник на Мининстерството за образование на Османлиската Империја од 1898 година*). Matbaa-i amire, İstanbul, 1898.

*Salname-i Nezaret-i Maarif-i umumi 1321* (*Годишник на Мининстерството за образование на Османлиската Империја од 1903 година*). Matbaa-i amire, İstanbul, 1903.

Сидоровска-Чуповска, С., *Просветно-културните прилики во Македонија во 19 век*. Институт за национална историја, Скопје, 2009.

Unat, F. R., *Türk Eğitim Sisteminin Gelişmesine Tarihi Bir Bakış*. Milli Eğitim Bakanlığı, Ankara, 1964.

Öztürk, C., "İdadi", ,*İslam Ansiklopedisi* 21 cilt. İSAM, İstanbul, 2000.

Öztürk, C., "Rüşdiye", ,*İslam ansiklopedisi* 35 cilt. İSAM, İstanbul, 2023.

Armen Zharnoski
Institute of National History, Skopje

# THE EDUCATIONAL CONDITIONS IN THE SANJAK OF ÜSKÜP AND THE TETOVO KAZA ACCORDING TO OTTOMAN ARCHIVE DOCUMENTS (1861-1912)

## (summary)

The subject of this article is the educational situation in Skopje sanjak and Tetovo kaza in the 19th and early 20th centuries, researched on the basis of Ottoman archival documents. The basic information in this article was obtained by analyzing the Yearbooks of the Ministry of Education of the Ottoman Empire (*Salname-i Nezaret-i Maarif-i Umumi*) from 1898 and 1903, Sultan decrees (*İrade*) issued by the General Secretariat of the Sultan (*Başkitabet*), as well as documents (employment decisions, salary and requirements) issued by the educational administration of the Kosovo Vilayet and the Ministry of Education of the Ottoman Empire (*Maarif Nezareti*). Through the analysis of the mentioned documents, this article presents basic information regarding the conditions in primary education (the educational programs and the number of Muslim schools, as well as the construction and renovation of Christian schools). Information regarding secondary education (the number and

educational programs of primary and advanced high schools), as well as madrasas and libraries in the specified period, is also presented.

With the tanzimat process that began in 1839 in the Ottoman Empire, reforms were foreseen with which the state system had to be harmonized with the systems of the western countries, i.e. to be modernized. These reforms, apart from affecting the administrative and military arrangements, brought a modern spirit to the cultural and intellectual sphere of the Ottoman society. As a consequence of this, the educational system in the mentioned period was also subject to reforms, which gave it a civic character to a certain extent, as from the mentioned period, the educational programs for prımary (*ruşdi*) and advances (*idadi*) hıghschools included teaching for both Muslim and non-Muslim students to listen to. together. As we have seen from this text, the implementation of these reforms was also reflected in the socio-political and educational conditions of the territory of Macedonia, in terms of the opening of more Christian and Jewish secondary schools, modernization of the curricula and the opening of the aforementioned opportunity to non-Muslims. to get involved in secondary and higher state education.

This text first described the situation with primary schools in the territory of Skopje sanjak and Tetovska kaza - i.e. the curricula and the number of Muslim primary schools, as well as sultanic decrees regarding the construction or renovation of Christian primary schools. In the second part, the situation with high school education was analyzed. In doing so, the educational programs of primary (*ruşdi*) and advanced (*idadi*) highschools were presented, a list of existing primary secondary schools, as well as the number of students (Muslims and non-Muslims) in advanced secondary schools was provided. Also, based on an analysis of the Yearbooks of the Ministry of Education of the Ottoman Empire from 1898 and 1903, the existing non-Muslim (Christian and Jewish) secondary schools in Skopje, Shtip, Palanka, Kočani, Veles, Kumanovo, Kratovo and Tetovo were also listed. In the third part of the text, the existing madrasas (together with the number of students) and libraries in the territory of Skopje sanjak and Tetovo kaza were listed. Finally, three archival documents were added as attachments - the Sultan's decree for the construction of the new building for the Skopje *Idadi* High School from 1896, the request for the establishment of a separate class for Albanian and Bosniak students in the Pedagogical School in Skopje from 1912, as well as the Sultan's decree with which is allowed the construction of a patriarchal primary school in Kumanovo in 1909.

This article presents archival materials that will supplement the data regarding the educational conditions in the territory of Macedonia in the period from the second half of the 19th and the beginning of the 20th century. In this sense, the information presented in this article will be important for the Macedonian, as well as for historiographies from the wider region.